Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

Министерство за финансии | Ministria e Financave

Друштво за маркетинг, производство, трговија и услуги ТРИНИТИ МЕДИА ДООЕЛ Бр. 03-121/1 16.01.2023 год. ШТИП

– Сектор за правни работи–

Архивски број: 03-424/1
Датум: 12-01-2023

ДОГОВОР
за јавна набавка на услуги – одржување на веб страниците на Министерството за финансии

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, со седиште на ул. „Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од Dr. Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и

2. ДРУШТВО ЗА МАРКЕТИНГ, ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ТРИНИТИ МЕДИА ДООЕЛ ШТИП, со седиште на Васил Доганџиски бр.68, 2000 Штип, претставувано од Сузана Петрова, во својство на управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е јавна набавка на услуга – одржување на веб страниците на Министерството за финансии, по спроведената постапка за набавка од мала вредност, по оглас бр. 19697/2022, во се според техничките спецификации (прилог кон договорот) кои се составен дел на овој договор.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната вредност на овој договор изнесува 202.800,00 денари без пресметан ДДВ.

На вкупната вредност на договорот се пресметува ДДВ според законски пропишаната стапка и истиот изнесува 36.504,00 денари со пресметан ДДВ.

Вкупната вредност на договорот изнесува 239.304,00 денари, со пресметан ДДВ.

Член 3

Месечниот паушал за превентивното и интервентното одржување и техничката поддршка, како и на адаптивното одржување на веб страницата на Секторот за централно финансирање и склучување на договори, на веб страницата за Оперативна програма за регионален развој, на веб страницата за Оперативна програма за развој на човечки ресурси и на веб страницата на Министерството за финансии изнесува 16.900,00 денари, без пресметан ДДВ и истиот ќе се плаќа за период од 12 (дванаесет) месеци.

ДДВ-то на износот од став 1 на овој член изнесува 3.042,00 денари.

## III. ГАРАНЦИЈА ЗА НАВРЕМЕНО И КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Услов за потпишување на договорот со избраниот најповолен понудувач е обезбедување гаранција од страна на избраниот најповолен понудувач за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 10% од максималната вредност **на склучениот договор** со пресметан ДДВ.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот носителот на набавката ја доставува заедно со потпишаниот договор во рок од 5 работни дена од денот на добивање на договорот од страна на договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот се доставува во определениот рок, и тоа: по пошта или лично на лицето за контакт определено од страна на договорниот орган.

Со оваа гаранција носителот на набавката гарантира дека предметот на договорот ќе го испорачува на начинот и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## IV. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Договорот се склучува за период од 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на потпишувањето од двете договорни страни на договорот.

## V. РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 6

Договорниот орган се обврзува плаќањето за превентивното и интервентното одржување, техничката поддршка, како и за адаптивното одржување на веб страницата на Секторот за централно финансирање и склучување на договори, на веб страницата за Оперативна програма за регионален развој, на веб страницата за Оперативна програма за развој на човечки ресурси и на веб страницата на Министерството за финансии, во вид на месечен паушал да го врши на секои 3 (три) месеци, односно на крај на периодот за кој се однесуваат извршените услуги, во рок од 30 (триесет) календарски денови од денот на приемот на фактурата за извршените услуги.

Со фактурата за извршените услуги носителот на набавката треба да има приложено работен налог/извештај за извршени активности потпишан со цело име и презиме од лицата вработени кај договорниот орган кои ќе бидат задолжени за реализација на предметната набавка и лицата определени за реализација на договорот од страна на носителот на набавката.

Фактурата за плаќање за извршената услуга се доставува на договорниот орган на следнава адреса: ул. „Даме Груев“ бр.12, 1000 Скопје.

## VI. ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 7

Носителот на набавката е должен веднаш по потпишувањето на договорот да определи лица кои ќе бидат задолжени за реализација на договорот и да ги извршува обврските стручно и квалитетно согласно со одредбите на договорот и техничките спецификации кои се составен дел на овој договор.

– Сектор за правни работи–

Член 8

Во однос на одржувањето и техничката поддршка на веб страницата на Секторот за централно финансирање и склучување на договори, носителот на набавката е должен да обезбеди превентивно и интервентно одржување на системот и техничка поддршка, како и адаптивно одржување.

Носителот на набавката за реализација на превентивното и интервентно одржување и техничка поддршка се обврзува да го извршува следното:

- Разрешување на технички проблеми на системско ниво поврзани со функционалноста на порталот;
- Превентивна системска дијагностика;
- Обезбедување на проектираните перформанси на системот;
- Решавање на апликативни проблеми врзани со евентуални промени на генералната системска околина за работа;
- Одржување на техничката инфраструктура на која е поставен системот (проверка, препораки за поставувања и инсталација на последни закрпи на оперативните системи на платформата на која е поставен системот и подготовка на извештај за последни инсталирани закрпи);
- Инсталација на нови верзии/подверзии од WordPress вклучително и update на верзијата на дизајнот (ова подразбира дека нема да има проблем со изгледот на веб сајтот по update на верзијата на WordPress);
- Инсталација на безбедносни модули во WordPress;
- Обезбедување на дневен и месечен backup – заштита на податоците;
- Техничко одржување на CMS (проблеми со модули, backup итн.);
- Исправање на грешки во апликацијата за објавување на ИПА тендери;
- Помош во корисничката работа со системот.

Носителот на набавката при реализација на адаптивното одржување на веб страницата на Секторот за централно финансирање и склучување на договори, кое ќе се извршува по барање на договорниот орган, се обврзува да го извршува следното:

- Додавање и поправки на нови и тековни содржини на порталот;
- Промени во функционалноста на апликацијата за објавување на ИПА тендери, сметани како квалитативни подобрувања на тековното решение или промени потребни поради измена на регулативата, односно процедурите за работа на ЦФСД;

- Мали дизајнерски зафати (изработка на нови банери, сликички итн.), додавање на мала функционалност;
- Одржување на ниво „АА“ на веб пристапност на веб страницата согласно водичот за веб пристапност WCAG 2.0.

Член 9

Во однос на одржувањето и техничката поддршка на веб-страниците за Оперативната програма за регионален развој - oprd.finance.gov.mk и Оперативната програма за развој на човечки ресурси - ophrd.finance.gov.mk, носителот на набавката е должен да обезбеди превентивно и интервентно одржување на системот и техничка поддршка, како и адаптивно одржување.

Носителот на набавката за реализација на превентивното и интервентно одржување и техничка поддршка се обврзува да го извршува следното:

- Разрешување на технички проблеми на системско ниво поврзани со функционалноста на веб-страниците;
- Превентивна системска дијагностика;
- Обезбедување на проектираните перформанси на системот;
- Решавање на апликативни проблеми врзани со евентуални промени на генералната системска околина за работа;
- Одржување на техничката инфраструктура на која е поставен системот (проверка, препораки за поставувања и инсталација на последни закрпи на оперативните системи на платформата на која е поставен системот и подготовка на извештај за последни инсталирани закрпи);
- Инсталација на нови верзии/подверзии од WordPress вклучително и update на верзијата на дизајнот (ова подразбира дека нема да има проблем со изгледот на веб-страниците по update на верзијата на WordPress);
- Инсталација на безбедносни модули во WordPress;
- Обезбедување на дневен и месечен backup – заштита на податоците;
- Техничко одржување на CMS (проблеми со модули, backup итн.);
- Помош во корисничката работа со системот.

Носителот на набавката при реализација на адаптивното одржување на веб-страниците за Оперативната програма за регионален развој - oprd.finance.gov.mk и Оперативната програма за развој на човечки ресурси - ophrd.finance.gov.mk, по барање на договорниот орган се обврзува да го извршува следното:

- Додавање и поправки на нови и тековни содржини на веб-страниците;

- Мали дизајнерски зафати (изработка на нови банери, сликички итн.), додавање на мала функционалност.

Член 10

Во однос на одржувањето и техничката поддршка на веб страницата на Министерството за финансии finance.gov.mk, носителот на набавката е должен да обезбеди превентивно и интервентно одржување на системот и техничка поддршка, како и адаптивно одржување.

Носителот на набавката за реализација на превентивното и интервентно одржување и техничка поддршка се обврзува да го извршува следното:

- Разрешување на технички проблеми на системско ниво поврзани со функционалноста на порталот;
- Превентивна системска дијагностика;
- Обезбедување на проектираните перформанси на системот;
- Решавање на апликативни проблеми врзани со евентуални промени на генералната системска околина за работа;
- Одржување на техничката инфраструктура на која е поставен системот (проверка, препораки за поставувања и инсталација на последни закрпи на оперативните системи на платформата на која е поставен системот и подготовка на извештај за последни инсталирани закрпи);
- Инсталација на нови верзии/подверзии од WordPress вклучително и update на верзијата на дизајнот (ова подразбира дека нема да има проблем со изгледот на веб сајтот по update на верзијата на WordPress);
- Инсталација на безбедносни модули во WordPress;
- Обезбедување на дневен и месечен backup – заштита на податоците;
- Техничко одржување на CMS (проблеми со модули, backup итн.);
- Помош во корисничката работа со системот.
- Инсталирање и апдетирање на постоечки и нови SSL сертификати
- Разрешување на проблеми поверзени со сигурнони пропусти на CMS порталот и ситемот
- Додавање и поправки на нови и тековни содржини на порталот;
- Мали дизајнерски зафати (изработка на нови банери, сликички итн.), додавање на мала функционалност.
- Одржување на ниво „АА“ на веб пристапност на веб страницата согласно водичот за веб пристапност WCAG

– Сектор за правни работи–

Носителот на набавката при реализација на адаптивното одржување на веб-страницата на Министерството за финансии, кое ќе се извршува по барање на договорниот орган, се обврзува да го извршува следното:

- Изработка на нови модули по потреба и нови функционалости на порталот, како и други поголеми софтверски промени по потреба на органот

Член 11

Носителот на набавката се обврзува дека ќе се одзве на секој повик за одржување и техничка поддршка на веб страницата cfcd.finance.gov.mk, веб страниците oprd.finance.gov.mk, ophrd.finance.gov.mk и finance.gov.mk од страна на корисникот и ќе ја изврши потребната интервенција.

Рокот на одзив на повик е даден во следната табела:

| Приоритет | on-line одзив | on-site одзив | Време на санација | Време на решавање |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 1 час | 4 часа | 12 часа | 24 часа |
| 2 | 8 часа | 24 часа | 72 часа | 5 дена |
| 3 | 24 часа | 48 часа | 5 дена | 10 дена |

Дефиниција на приоритетите:

Приоритет 1: ИТНО – целосно онеспособување кое го попречува користењето на системот, дефекти кои не му дозволуваат на корисникот да ја користи апликацијата, дефекти кои предизвикуваат нарушување на безбедноста или интегритетот на системот.

Приоритет 2: Сериозен дефект – проблем поради кој дел од работните активности не функционираат или системот работи со намалена функционалност.

Приоритет 3: Мали недостатоци – недостатоци кои ја попречуваат употребата на некои функционални карактеристики кои не се клучни во системот, недостатоци од естетска природа.

Член 12

Крајниот продукт – изворниот код, графичките и мултимедијални елементи и целокупната документација се сопственост на договорниот орган.

## VII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 13

Договорниот орган е должен да определи лица кои ќе бидат задолжени за реализација на предметната набавка.

Договорниот орган се обврзува дека ќе му плати на носителот на набавката за услугата согласно член 6 од овој договор.

## VIII. ДОВЕРЛИВОСТ НА ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ

Член 14

Определените лица од Носителот на набавката за реализација на Договорот, задолжително потпишуваат Изјава за доверливост на информации и податоци непосредно пред извршувањето на услугата - предмет на Договорот.

Под поимот информации и податоци се подразбираат сите внатрешни и надворешни документи, спецификации, лични податоци, истражувања на пазарот или податоци за него, финансиски или маркетиншки информации, други податоци или бизнис, оперативни или технички информации, како и сите останати податоци и информации и независно дали се дадени во писмена, вербална или електронска форма и се во сопственост на Договорниот орган.

Исто така, поимот информации и податоци, ги опфаќа и сите други податоци кои не се сопственост на Договорниот орган, а се користат за одредени цели во работните задачи и обврски. Тука спаѓаат податоци на сите партнери, клиенти, добавувачи или било кое правно или физичко лице кое со Договорниот орган има засновано деловен или било каков друг однос. Договорниот орган ги става податоците на располагање на Носителот на набавката во врска со погоре наведената цел, а за непречено одвивање на работните задачи и обврски.

Член 15

Не се предмет на овој договор информации кои биле или станале јавно достапни, но не како резултат на откривање од страна на Носителот на набавката и на Договорниот орган и без да бидат прекршени одредбите на овој Договор од страна на Носителот на набавката  што може да се докаже со писмена документација или за кои Договорниот орган писмено потврдил дека се ослободени од обврска за неоткривање.

– Сектор за правни работи–

Член 16

Носителот на набавката под целосна морална, материјална и кривична одговорност, се обврзува за време на важноста на Договорот и во период од (5) пет години од датумот на неговото истекување или раскинување да ги чува во тајност сите информации и податоци од било која област на Договорниот орган, кои ќе му бидат дадени во процесот на соработката и притоа нема да ги искористи истите за лични цели, во име на друго лице, ниту ќе ги даде на увид на трета страна.

Носителот на набавката се обврзува да ги чува во тајност сите документи и податоци кои содржат информации за договорниот орган или неговите активности, како и неговите односи со клиенти или трети лица, а кои биле подготвени или изнесени во врска со работата за која Носителот на набавката е ангажиран од страна на Договорниот орган.

Член 17

Носителот на набавката може да ги открие кои било од информациите и податоците наведени во членот 14 став 2 и 3 заради постапување по писмено барање од страна на надлежен орган, со легитимна наредба врз основа на закон.

Носителот на набавката, пред да ги даде бараните податоци ќе се увери дека барањето е валидно и е во согласност со важечки закон и ќе ги открие ваквите податоци само до степен до кој тоа е барано од надлежниот орган кој има овластување да бара такво соопштување.

Член 18

За секој настан или сомневање во однос на закана за нарушување на доверливоста, интегритетот и расположливоста на податоците и информациите, Носителот на набавката се обврзува веднаш писмено да го извести определеното лице кај Договорниот органот.

Член 19

Носителот на набавката по писмено барање на Договорниот орган веднаш ќе ги врати или уништи сите документи кои содржат податоци и информации за договорниот орган, а кои се добиени во врска со работата за која носителот на набавката е ангажиран од страна на Договорниот орган, без задржување на било какви фотокопии, изводи или друг вид на копии од нив или дел од нив. И покрај уништувањето на било кој податок и материјали Носителот на набавката ќе продолжи да се придржува кон неговата обврска од овој договор и други обврски кои произлегуваат од него, за чување во тајност на сите податоци и информации кои ги сознал на било кој начин, при исполнување на неговите обврски кои произлегуваат од овој договор.

Член 20

Објавувањето податоци, рекламирањето или публицитетот, како и прес конференциите направени од страна на Носителот на набавката во однос на овој Договор или вршење на заеднички деловни активности на договорните страни треба да бидат претходно одобрени од Договорниот орган пред нивното спроведување.

Член 21

Одредбите од глава VIII од овој договор се правно валидни и обврзувачки и кај сите вработени кај Носителот на набавката кои имаат добиено овластување за користење на информациите и податоците кои се уредени со овој договор.

## IX. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 22

Овој договор може да се раскине спогодбено во согласност на договорните страни.

Член 23

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување на одредбите на договорот, а согласно со овој договор или закон.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување кон договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на банкарската гаранција носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 24

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата од договорната страна која не ги исполнила своите обврски од договорот.

Член 25

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во рокот утврден со овој договор или не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може еднострано да го раскине договорот.

Доколку дојде до еднострано раскинување на договорот поради неисполнување на обврските од Договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатувањето на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 26

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Страната која бара раскинување на договорот поради променетите околности, должна е за својата намера да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го стори одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето не и било соопштено на време.

## X. ВИША СИЛА

Член 27

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна кон друга за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на овој договор кои се предизвикани од виша сила дефинирана со Закон.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови од поголеми размери и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради настанување на виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.
По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 28

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување на анекс на договорот, согласно со Законот за јавните набавки.

За сѐ што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и другите позитивни законски прописи.

Член 29

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

Член 30

При секоја обработка на личните податоци во текот на реализацијата на овој договор, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 31

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна.

ДОГОВОРЕН ОРГАН:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
Dr. Fatmir Besimi

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА:

ДРУШТВО ЗА МАРКЕТИНГ
ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
ТРИНИТИ МЕДИА ДООЕЛ
ШТИП

УПРАВИТЕЛ
Сузана Петрова

Изработил: Петрина Мале
Контолирал: Даниела Јанкова
Елизабета Калачоска
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Согласен: д-р Јелена Таст

Прилог кон договор -Технички спецификации

**Технички спецификации за одржување на веб страницата на Секторот за централно финансирање и склучување договори cfcd.finance.gov.mk**

## Преглед

Секторот за централно финансирање и склучување на договори (ЦФСД) е сектор во рамките на Министерството за финансии, кој има функција за склучување на договори и водечко тело во Оперативните структури за ИПА компонентите I, III и IV и ИПА II под системот за децентрализирано управување (ДИС) во Република Северна Македонија.

ЦФЦД како тело за склучување на договори има клучна одговорност за сите активности поврзани со тендерирање, склучување на договори и плаќања во врска со проектите финансирани со Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската Комисија во Република Северна Македонија.

## Намена и цели на веб страницата

Намената на веб страницата на ЦФЦД е да ги обезбеди сите потребни информации во врска со спроведувањето на проектите финансирани од ИПА Компонентите I, III и IV и ИПА II. Страницата содржи и информации за структурите за децентрализирано управување со ИПА компонентите I, III и IV и ИПА II воспоставени во Република Северна Македонија. Покрај тоа, на оваа интернет страница сите потенцијални корисници можат да најдат информации за можностите за користење на ИПА фондовите преку редовното ажурирање на објавите за тендери, најавени договори, отворени понуди и јавни повици за доставување на проектни предлози. Дополнително, тука може да се најдат документи поврзани со ИПА, релевантни правни акти од ЕК, Оперативните програми, различни упатства, како и корисни линкови.

## Опис (спецификација) на веб страницата

ЦФЦД располага со web портал cfcd.finance.gov.mk кој е хостиран во Министерството за финансии.
ЦФЦД порталот е имплементиран врз база на:

– **WordPress CMS систем** во делот на неструктурирани податоци и

- **Java Web апликација** со специфична намена, а во функција на внес, објава и пребарување на IPA тендерите (со придружни информации). Презентацијата на внесените податоци и страниците за пребарување се интегрирани во основниот WordPress портал за да се обезбеди единствено корисничко искуство при навигација со порталот.

**Техничка инфраструктура**

- *Linux сервер (на ниво на оперативен систем)*
- *Web server (HTTP server) - Apache*
- *J2EE (Java2 Enterprise Edition) апликативен сервер како (како middleware сервер) - Tomcat сервер*
- *PHP WordPress Portal*
- *PHP/Java Bridge - Модул за интеграција на WordPress со позадински сервиси изработени во Јава во делот на евентуални интеграции на порталот со back-office работењето на ЦФСД*

**Предмет на набавка**

**Одржување и техничка поддршка на веб страницата cfcd.finance.gov.mk**

Понудувачот треба да обезбеди услуги за одржување и поддршка на системот за 12 (дванаесет) месеци, и тоа превентивно и интервентно одржување на системот и техничка поддршка, како и адаптивно одржување. До моментот на пуштање во продукција на редизајнираниот/надградениот/изработениот веб-портал, одржувањето и поддршката се однесуваат на постоечкиот веб-портал, додека по пуштање на надградениот портал во продукција, одржувањето и поддршката се однесуваат на надградениот портал.

Активности на носителот на набавката за реализација на превентивното и интервентно одржување и техничка поддршка на системот се:
- Разрешување на технички проблеми на системско ниво поврзани со функционалноста на порталот;
- Превентивна системска дијагностика;
- Обезбедување на проектираните перформанси на системот;
- Решавање на апликативни проблеми врзани со евентуални промени на генералната системска околина за работа;
- Одржување на техничката инфраструктура на која е поставен системот

(проверка, препораки за поставувања и инсталација на последни закрпи на оперативните системи на платформата на која е поставен системот и подготовка на извештај за последни инсталирани закрпи);
- Инсталација на нови верзии/подверзии од WordPress вклучително и update на верзијата на дизајнот (ова подразбира дека нема да има проблем со изгледот на веб сајтот по update на верзијата на WordPress);
- Инсталација на безбедносни модули во WordPress;
- Обезбедување на дневен и месечен backup – заштита на податоците;
- Техничко одржување на CMS (проблеми со модули, backup итн.);
- Исправање на грешки во апликацијата за објавување на ИПА тендери;
- Помош во корисничката работа со системот.

Активности на Носителот на набавката при реализација на адаптивното одржување на веб страницата, кое ќе се извршува по барање на договорниот орган се:

- Додавање и поправки на нови и тековни содржини на порталот;
- Промени во функционалноста на апликацијата за објавување на ИПА тендери, сметани како квалитативни подобрувања на тековното решение или промени потребни поради измена на регулативата, односно процедурите за работа на ЦФСД;
- Мали дизајнерски зафати (изработка на нови банери, сликички итн.), додавање на мала функционалност;
- Одржување на ниво „АА" на веб пристапност на веб страницата согласно водичот за веб пристапност WCAG 2.0.

Носителот на набавката се обврзува дека ќе се одзве на секој повик од страна на корисникот и ќе ја изврши потребната интервенција.
Рокот на одзив на повик е даден во следната табела:

| **Приоритет** | **on-line одзив** | **on-site одзив** | **Време на санација** | **Време на решавање** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 1 час | 4 часа | 12 часа | 24 часа |
| 2 | 8 часа | 24 часа | 72 часа | 5 дена |
| 3 | 24 часа | 48 часа | 5 дена | 10 дена |

Дефиниција на приоритетите:

Приоритет 1: ИТНО – целосно онеспособување кое го попречува користењето на системот, дефекти кои не му дозволуваат на корисникот да ја користи

апликацијата, дефекти кои предизвикуваат нарушување на безбедноста или интегритетот на системот.

Приоритет 2: Сериозен дефект – проблем поради кој дел од работните активности не функционираат или системот работи со намалена функционалност.

Приоритет 3: Мали недостатоци – недостатоци кои ја попречуваат употребата на некои функционални карактеристики кои не се клучни во системот, недостатоци од естетска природа.

**Забелешка**

Крајниот продукт – изворниот код, графичките и мултимедијални елементи и целокупната документација се сопственост на договорниот орган.

## Технички спецификации за одржување на веб-страниците за Оперативната програма за регионален развој - oprd.finance.gov.mk и Оперативната програма за развој на човечки ресурси - ophrd.finance.gov.mk

**Преглед**

Во насока за исполнување на обврските за публицитет и видливост на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската Комисија во Република Северна Македонија согласно Регулативите за имплементација на ИПА 1 и ИПА 2 и потпишаните Финансиски спогодби, Оперативната структура за ИПА за спроведување на Оперативната програма за регионален развој (Секторот за централно финансирање и склучување договори при Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање) ја воспостави и редовно ја одржува *веб-страницата за Оперативната програма за регионален развој.*
Во иста насока, Оперативната структура за ИПА за спроведување на Оперативната програма за развој на човечки ресурси (Секторот за централно финансирање и склучување договори при Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука) ја воспостави и редовно ја одржува *веб-страницата за Оперативната програма за развој на човечки ресурси.*

**Намена и цели на веб-страниците**

Целта на веб-страницата за *Оперативната програма за регионален развој* е обезбедување видливост и транспарентност при спроведување на акциите и проектите финансирани преку ЕУ/ ИПА помошта во областите патна инфраструктура, мерки за животната средина и операции за подобрување на регионалната конкурентност.
Веб-страницата содржи основни информации за финансирани проекти во областите транспорт и животна средина во рамки на Оперативната програма за регионален развој 2007-2013 (ИПА компонента III), како и финансирани проекти од Акциската програма за 2017 година - Поддршка на ЕУ во областа на транспорт, животна средина и климатски промени.

Целта на веб-страницата за *Оперативната програма за развој на човечки ресурси* е обезбедување видливост и транспарентност при спроведување на акциите и проектите финансирани преку ЕУ/ ИПА помошта во областите вработување и пазар на труд, образование и обуки, социјална политика и инклузија на ранливите групи.
Веб-страницата содржи основни информации за финансирани проекти во областите вработување, образование и обуки и социјална инлузија во рамки на Оперативната програма за развој на човечките ресурси 2007-2013 (ИПА компонента IV), како и финансирани проекти од Акциската програма за 2017 година - Поддршка на ЕУ во образованието, вработувањето и социјалната политика.

**Опис (спецификација) на веб-страниците**

Веб-страницата за Оперативната програма за регионален развој е хостирана во Министерството за финансии и истата е достапна преку линкот oprd.finance.gov.mk.
Веб-страницата за Оперативната програма за развој на човечки ресурси е хостирана во Министерството за финансии и истата е достапна преку линкот ophrd.
И двете веб страницици се имплементирани врз база на:

- Платформа за виртуелизација VMWARE
- OS: Debian
- CMS: Wordpress
- Database: MySQL

**Предмет на набавка**

– Сектор за правни работи–

Понудувачот треба да обезбеди услуги за одржување и поддршка на системот за 12 месеци, и тоа превентивно и интервентно одржување на системот и техничка поддршка, како и адаптивно одржување.

Активности на носителот на набавката за реализација на превентивното и интервентно одржување и техничка поддршка на системот се:

- Разрешување на технички проблеми на системско ниво поврзани со функционалноста на веб-страниците;
- Превентивна системска дијагностика;
- Обезбедување на проектираните перформанси на системот;
- Решавање на апликативни проблеми врзани со евентуални промени на генералната системска околина за работа;
- Одржување на техничката инфраструктура на која е поставен системот (проверка, препораки за поставувања и инсталација на последни закрпи на оперативните системи на платформата на која е поставен системот и подготовка на извештај за последни инсталирани закрпи);
- Инсталација на нови верзии/подверзии од WordPress вклучително и update на верзијата на дизајнот (ова подразбира дека нема да има проблем со изгледот на веб-страниците по update на верзијата на WordPress);
- Инсталација на безбедносни модули во WordPress;
- Обезбедување на дневен и месечен backup – заштита на податоците;
- Техничко одржување на CMS (проблеми со модули, backup итн.);
- Помош во корисничката работа со системот.

Активности на Носителот на набавката при реализација на адаптивното одржување на веб-страниците, кое ќе се извршува по барање на договорниот орган се:

- Додавање и поправки на нови и тековни содржини на веб-страниците;
- Мали дизајнерски зафати (изработка на нови банери, сликички итн.), додавање на мала функционалност.

Носителот на набавката се обврзува дека ќе се одзве на секој повик од страна на корисникот и ќе ја изврши потребната интервенција.

Рокот на одзив на повик е даден во следната табела:

| **Приоритет** | **on-line одзив** | **on-site одзив** | **Време на санација** | **Време на решавање** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 1 час | 4 часа | 12 часа | 24 часа |
| 2 | 8 часа | 24 часа | 72 часа | 5 дена |
| 3 | 24 часа | 48 часа | 5 дена | 10 дена |

Дефиниција на приоритетите:

Приоритет 1: ИТНО – целосно онеспособување кое го попречува користењето на системот, дефекти кои не му дозволуваат на корисникот да ја користи веб-страницата, дефекти кои предизвикуваат нарушување на безбедноста или интегритетот на системот.

Приоритет 2: Сериозен дефект – проблем поради кој дел од работните активности не функционираат или системот работи со намалена функционалност.

Приоритет 3: Мали недостатоци – недостатоци кои ја попречуваат употребата на некои функционални карактеристики кои не се клучни во системот, недостатоци од естетска природа.

**Забелешка**

Крајниот продукт – изворниот код, графичките и мултимедијални елементи и целокупната документација се сопственост на договорниот орган.

## Технички спецификации за одржување на веб страницата на Министерството за финансии finance.gov.mk

### Опис (спецификација) на веб страницата

МФ web портал finance.gov.mk кој е хостиран во Министерството за финансии. Порталот на Министерството за финансии е имплементиран врз база на:

- **WordPress CMS систем** во делот на неструктурирани податоци и
- **PHPWeb апликација** со специфична намена. Презентацијата на внесените податоци и страниците за пребарување се интегрирани во основниот WordPress портал за да се обезбеди единствено корисничко искуство при навигација со порталот.

**Техничка инфраструктура**

- *Linux сервер (на ниво на оперативен систем)*
- *Web server (HTTP/HTTPS server) - Apache*
- *PHP WordPress Portal*
- *MySQL датабаза*

**Предмет на набавка**

**Одржување и техничка поддршка на веб страницата finance.gov.mk**

Понудувачот треба да обезбеди услуги за одржување и поддршка на системот за 12 (дванаесет) месеци, и тоа превентивно и интервентно одржување на системот и техничка поддршка, како и адаптивно одржување.
Активности на носителот на набавката за реализација на превентивното и интервентно одржување и техничка поддршка на системот се:

- Разрешување на технички проблеми на системско ниво поврзани со функционалноста на порталот;
- Превентивна системска дијагностика;
- Обезбедување на проектираните перформанси на системот;
- Решавање на апликативни проблеми врзани со евентуални промени на генералната системска околина за работа;
- Одржување на техничката инфраструктура на која е поставен системот (проверка, препораки за поставувања и инсталација на последни закрпи на оперативните системи на платформата на која е поставен системот и подготовка на извештај за последни инсталирани закрпи);
- Инсталација на нови верзии/подверзии од WordPress вклучително и update на верзијата на дизајнот (ова подразбира дека нема да има проблем со изгледот на веб сајтот по update на верзијата на WordPress);
- Инсталација на безбедносни модули во WordPress;
- Обезбедување на дневен и месечен backup – заштита на податоците;
- Техничко одржување на CMS (проблеми со модули, backup итн.);
- Помош во корисничката работа со системот.
- Инсталирање и апдетирање на постоечки и нови SSL сертификати
- Разрешување на проблеми поверзени со сигурнони пропусти на CMS порталот и ситемот
- Додавање и поправки на нови и тековни содржини на порталот;

- Мали дизајнерски зафати (изработка на нови банери, сликички итн.), додавање на мала функционалност.
- Одржување на ниво „АА“ на веб пристапност на веб страницата согласно водичот за веб пристапност WCAG

Активности на Носителот на набавката при реализација на адаптивното одржување на веб страницата, кое ќе се извршува по барање на договорниот орган се:

- Изработка на нови модули по потреба и нови функционалости на порталот, како и други поголеми софтверски промени по потреба на органот.

Носителот на набавката се обврзува дека ќе се одзве на секој повик од страна на корисникот и ќе ја изврши потребната интервенција.
Рокот на одзив на повик е даден во следната табела:

| Приоритет | on-line одзив | on-site одзив | Време на санација | Време на решавање |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 1 час | 4 часа | 12 часа | 24 часа |
| 2 | 8 часа | 24 часа | 72 часа | 5 дена |
| 3 | 24 часа | 48 часа | 5 дена | 10 дена |

Дефиниција на приоритетите:

Приоритет 1: ИТНО – целосно онеспособување кое го попречува користењето на системот, дефекти кои не му дозволуваат на корисникот да ја користи апликацијата, дефекти кои предизвикуваат нарушување на безбедноста или интегритетот на системот.

Приоритет 2: Сериозен дефект – проблем поради кој дел од работните активности не функционираат или системот работи со намалена функционалност.

Приоритет 3: Мали недостатоци – недостатоци кои ја попречуваат употребата на некои функционални карактеристики кои не се клучни во системот, недостатоци од естетска природа.

**Забелешка**
Крајниот продукт – изворниот код, графичките и мултимедијални елементи и целокупната документација се сопственост на договорниот орган.